*Original scientific paper*

# ABOUT THE ORNAMENTAL ELEMETS IN THE MACEDONIA PATRIK FROM SLOEŠTICA
# За орнаментните елементи во Македонскиот патерик од Слоештица


**Михајло МАРКОВИЌ[1], Соња НОВОТНИ[2]**

*[1]Универзитет во Тетово, [2]Филолошки факултет*

*[3]mihailo.markovic@unite.edu.mk, sonja.novotni@unite.edu.mk*

*071778197, 071378427*


---


**Апстракт**

Илуминацијата на старите ракописи ги опфаќа минијатурата и орнаментот . Минијатурата, како уметничка творба, го толкува текстот со помош на ликови, фигури, пејзажи и симболи. Орнаментот, пак, го сочинуваат заставките и иницијалите (буквите). Заставките се украсените композиции што се наоѓаат пред насловот на делото каде што врската со текстот е повеќе од формална и стилистичка природа, освен во случаите кога заставката во својата композиција содржи и зглавие испишано со букви. Буквата е неизбежен елемент и честопати писецот се стреми да ја искористи и како декоративно сретство, претворајќи ја во орнамент. Овој буквен орнамент секогаш е во иницијална позиција и според големината зазема повеќе редови во текстот. Богослужбените книги содржат одделни четива (евангелието и апостолот) и песни (псалтирите, октоихот, минеите) и притоа текстот секогаш е поделен на делови и заради тоа иницијалите се јавуваат многу често речиси на секоја страница, а понекогаш и по неколку. Тие се разликуваат од другите букви и по големина и по боја, и на тој начин го привлекуваат вниманието на читателот на најважните делови од читањето во ракописот. Ние во нашиот труд ќе посветиме внимание на анализа на орнаментните елементи застапени во предметниот средновековен ракопис.


**Клучни зборови:** орнаментика, заставка, иницијал, апостол, патерик.



**Abstract**

The illumination of old manuscripts includes miniatures and ornaments. The miniature, as a work of art, interprets the text with the help of characters, figures, landscapes and symbols. The ornament, on the other hand, consists of flags and initials (letters). Banners are the decorated compositions that are located before the title of the work where the connection with the text is more of a formal and stylistic nature, except in cases where the banner in its composition also contains a title written in letters. The letter is an inevitable element and often the writer tries to use it as a decorative asset, turning it into an ornament. This letter ornament is always in the initial position and according to the size occupies several lines in the text. The liturgical books contain separate readings (the gospel and the apostle) and songs (the psalters, the octoichus, the minae) and the text is always divided into parts, and for that reason the initials appear very often on almost every page, and sometimes several. They differ from other letters in both size and color, and thus draw the reader's attention to the most important parts of the reading in the manuscript. In our paper, we will pay attention to the analysis of the ornamental elements represented in the Macedonian paterik from Sloeštica.


**Key words:** *ornamental elements, flag, initial, apostle, paterikon.*


---

Во библиотеката на БАН во Софија со бр. 77 е обележан еден македонски патерик од почетокот на XIV-тиот век. Станува збор за Македонскиот патерик од Слоештица (Патерик бр. 77, Слоештички патерик), кој извесно време се чувал во Археолошкиот музеј во Софија, од каде што бил пренесен во БАН. Ракописот содржи 286 пергаментни листа, пишувани на мали листови со димензии 20х14 см. Ракописот нема оригинална пагинација, туку има две нови пагинации. Почетокот на ракописот е изгубен, односно недостасува 1 лист, а на крајот можеби 3-4 листа. Текстот почнува со словото на Ефрем Сирин, кое во словенските преписи на Ефремовиот паренезис обично стои како 79 слово (Новотни, 2013: 1-77): ou;imq esmq kiimq obrazomq b+a m+lstiva wb]emq imatq poka2]im se istin?no nelq/no pokaani1 i sm'renni1 i ispov'dani1.V Текстот е без крај бидејќи недостасуваат последните листови од текстот. Во текстот има еден запис на лист 57 „selo sloe]icaL kostadi(n)"“. Од ова може да се извлече заклучок дека најверојатно ракописот потекнува од демирхисарското село Слоештица. (Новотни, 2013: 1-77) Текстот на Македонскиот патерик од Слоештица (Патерик бр. 77, Слоештички патерик) е пишуван на пергамент, кој е различен, претежно лошо обработен, со многу дупки, пергаментот е жолт, но има и сосема бели листови, пишуван е во една колона, а бројот на редовите е секогаш 20, освен на оние страници каде што има наслов на тие листови бројот на редовите е 18 или 19. Само 2-3 страни имаат 21 ред. Последната страна е напишана на 17 реда. Првата страна е доста темна и се разликува од сите останати страни по бојата. На некои страни јасно се гледаат шпартани линии и листот е рамен. На лист 29 шпартаниот дел е толку јак што довел до отпаѓање на еден дел од листот, а на лист 31 има откинато парче од листот. Листовите 63 и 64 се оштетени и недостасува дел, така што текстот на овие листови не е читлив. Зачувана е старата подврзија која е доста оштетена, останат е само горниот дел од подврзијата, кој е изеден од црви и на неа нема никакви украси. Ракописот е пишуван со безјусов правопис, во чијшто текст јасно се препознаваат македонските јазични црти. Текстот е пишуван од една рака на пергамент со полууставно писмо, и според тоа тој е пишуван во време кога е зацврстено полууставното писмо во препишувачката дејност (поточно во втората половина на XIV-тиот век). (Новотни, 2013: 1-77)

Илуминацијата на старите ракописи ги опфаќа минијатурата и орнаментот. (Мошин, прир. Поп Атанасов, Скопје 2009: 9) Минијатурата, како уметничка творба, го толкува текстот со помош на ликови, фигури, пејзажи и симболи. Орнаментот, пак, го сочинуваат заставките и иницијалите (буквите). Заставките се украсените композиции што се наоѓаат пред насловот на делото каде што врската со текстот е повеќе од формална и стилистичка природа, освен во случаите кога заставката во својата композиција содржи и зглавие испишано со букви. Буквата е неизбежен елемент и честопати писецот се стреми да ја искористи и како декоративно сретство, претворајќи ја во орнамент. Овој буквен орнамент секогаш е во иницијална позиција и според големината зазема повеќе редови во текстот. Богослужбените книги содржат одделни четива (евангелието и апостолот) и песни (псалитирите, октоихот, минеите) и притоа текстот секогаш е поделен на делови и заради тоа иницијалите се јавуваат многу често речиси на секоја страница, а понекогаш и по неколку. Тие, се разликуваат од другите букви и по големина и по боја, и на тој начин го привлекуваат вниманието на читателот на најважните делови од читањето во ракописот. Во старите текстови најмногу иницијали имаат евангелијата, најчесто тоа е буквата Б во традиционалното обраќање и буквата В.

Иницијалите се многу разнообразни, па нивната класификација е доста сложена и тешка. Условно тие се класифицираат по доминантниот признак, па така во литературата се издвојуваат: геометриски, растителни, зооморфини и тератолошки иницијали. Големиот број на иницијали, карактеристични и според мотивот и според композицијата, зборува за умешноста на илуминаторите на старите ракописи, за имагинацијата и фантазијата на писецот и за неговата претстава за светот, религијата и за животот воопшто. Меѓутоа самата анализа на иницијалите наметнува повеќе прашања. Едно од нив е од каде писците (препишувачите) на ракописите ги црпеле идеите да испишат повеќе од 300 иницијали во еден ист ракопис, а да не се повторат во сите детали. Имено, познато е дека првите обрасци на книжните украси, како и впрочем самата книга, биле позајмувани од грчките ракописи, но се разбира, различноста на иницијалите треба да се поврзе и со креативноста на писарот, зографот, со народната, традиционалната култура.

Илуминацијата на старите ракописи опфаќа два главни елементи: минијатура и орнамент. (Мошин, прир. Поп Атанасов, Скопје 2009: 9) Минијатурата, како уметничка творба, го толкува текстот со помош на пластични ликови, фигури, пејзажи и симболи. Орнаментот, пак, го сочинуваат заставките и иницијалите (буквите). Заставките се всушност украсните композиции пред насловот на делото каде што врската со текстот е повеќе од формална и стилистичка природа, освен во случаите кога заставката во својата композиција содржи и заглавие испишано со букви, додека буквата е неизбежен елемент и честопати писецот се стреми да ја искористи и како декоративно средство, претворајќи ја во орнамент. Овој буквен орнамент е секогаш во иницијална позиција, привлекувајќи го вниманието на читателот на најважните делови од читањето во ракописот. Во старите ракописи најмногу иницијали имаат евангелијата (полните апракоси) и апостолите. Проучувачите на словенската ракописна орнаментика се согласни дека таа се карактеризира со јасна византиска стилска основа врз која се надоградуваат традициите од писарските школи и различните културни влијанија. (Мошин, прир. Поп Атанасов, Скопје 2009: 29)

Врз основа на стилскиот критериум и хронолошките меѓи, словенската орнаментика се дели главно во три групи: 1. орнаменти на стсл. ракописи до 12-ти век, кои главно го прикажуваат или византискиот стил на илуминација од добата на македонската династија или народно-фантастичниот, примитивниот орнамент; 2. орнаментика на тератолошки (чудовиштен) стил во ракописите од крајот на 12-ти до крајот на 13-ти век; 3. орнаментика на нововизантискиот и т.н. балкански тип, што се среќава до крајот на ракописниот период, кога е потиснат од западните орнаментални стилови, кои продираат заедно со печатените книги. (Мошин, прир. Поп Атанасов, Скопје 2009: 51) Тератолошкиот стил во орнаментиката на јужнословенските кирилски ракописи настанал како продолжение на народнофантастичниот орнамент (Мошин, прир. Поп Атанасов, Скопје 2009: 83) и, како што веќе споменавме, овој стил претставува специфична композиција составена од ленти и гранчиња што меѓу себе се испреплетуваат со чудовишни облици на диви животни и птици чиишто краци се спојуваат во лентите, мајсторски исцртани така што не се знае каде завршува фигурата а каде почнуваат лентите. Почетокот на овој стил, според Кондаков (Кондаков, 1929: 134) треба да се бара уште „одамна, пред доцниот т.н. римски стил, во најраното раздобје на источната средновековност, кога се формирал ѕверскиот стил, кој дошол заедно со варварскиот свет што се населил во средиштето на грчко-римските територии. Покрај античките грчко-римски и ориентални извори во тој стил навлегле и компоненти на традиционалните персиски и средноазиски елементи“.

Во јужнословенските кирилски ракописи, според Шчепкин (Щепкин, 1906: 30-60), тератолошкиот стил се јавува во три типа: народна, уметничка и техничка (вештачка) тератологија. Првиот тип настанал врз основа на народно-фантастичниот стил на територијата на Македонија, вториот тип е карактеристичен за западната српска територија (најизразен е во орнаментот на Мирославовото евангелие) и третиот тип е карактеристичен за Трновскиот скрипторски центар. (Мошин, прир. Поп Атанасов, Скопје 2009: 51)

Во овој дел од трудот ќе дадеме опис на сите листови каде што согледавме записи, надпишувања надвор од текстот, и детален опис на иницијалните графеми. Во тој поглед можеме да констатираме дека Македонскиот патерик од Слоештица речиси и да нема орнамент, односно иако се среќаваат голем број на иницијални графеми, сепак тие во најголема мера се одликуват и се насликани со едноставност и префинеост во прецизноста на раката на писарите (монаси) коишто го пишуваат овој значаен книжевен споменик.

Во ракописот бележиме поставувани точки во вид на крст (во зависност од листот може да забележиме од четири до шест точки) на почетокот на неколку листови, поставени паралелно пред почетокот на првиот ред: 190, 191, 193, 195, 196, 197, 202, 203, 227, 264, 265, 316, 317, 320, 323, 361.

По однос на орнаментите, можеме да констатираме дека во овој ракопис има бројни иницијални графеми, но речиси без никаква грациозност, шаренило и некакви интересни облици.

Најзастапен е иницијалот П, којшто го бележиме на листовите: 177 (три реда), 199 (три реда), 281 (три реда), 291 (два реда), 293 (три реда), 346 (три реда), 348 (два реда), 350 (три реда), 352 (два реда), 356 (три реда), 377 (три реда), 384 (три реда), 389 (два реда), 474 (три реда), 484 (два реда), 553 (два реда), 556 (три реда), 558 (три реда), 564 (два реда), 575 (два реда). Оваа графема е пишувана на едноставен начин, а може да забележиме два начина на пишување: а) првиот начин на пишување е на помалите графеми, коишто писарот ги пишува на два реда и се со наједноставен облик, како денешното кирилично П, односно две паралелни вертикални задебелени линии, поклопени со хоризонтална задебелена линија; б) вториот начин на пишување е на поголемите графеми, што зафаќаат три реда и каде што монахот на вертикалните задебелени линии во средишниот дел става и невпечатливи украси во вид на мали цветови. Оваа иницијална графема писарот во најголема мера ја користи за започнување на реченица со зборот pov'da nam.

Втор по застапеност е иницијалот С, којшто го бележиме на листовите: 219 (два реда), 229, (два реда), 248 (два реда), 262 (два реда), 272 (три реда), 275 (два реда), 366 (два реда), 425 (два реда), 432 (три реда), 443 (два реда), 469 (два реда). Оваа иницијална графема писарот секаде ја пишува исто, само големината и е различна. Потегот на писарот е прецизен во исцртувањето на задебелениот полумесец при пишувашето на графемата, со тоа што во горниот дел има само мало задебелување на крајот од линијата, за разлика од долниот краен свиок, каде што има забележливо задебелување во вид на пехар. Оваа иницијална графема писарот во најголема мера ја користи за започнување на реченица со зборот starqcq n'kxi.

Трет по застапеност е иницијалот Д, којшто се бележи на листовите: 284 (три реда), 354 (еден ред), 205 (четири реда), 409 (три реда), 412 (три реда), 436 (два реда), 521 (три реда). Оваа графема писарот секаде ја пишува украсно, односно во вид на змија со испакната глава којашто гледа кон напред со заоблено тело свиткано во лак, којашто е дидадена на самата графема, а во долниот дел наликува и како да има две нозе, што во суштина претставуваат краците на буквениот знак.

Таа има дебели ножиња коишто се свртени према средината, а основата и е многу бледа скоро и да не се гледа. Долната хоризонтална линија на која лежат двата крака образува триаголник. Различно пишување на оваа иницијална графема се согледува на лист 354 (еден ред), каде што писарот ја бележи идентично како во кириличната азбука на CMJ. Оваа иницијална графема писарот во најголема мера ја користи за започнување на реченица со зборот drugoL drugx.

Четврта по застапеност е иницијалната графема Р, која ја бележиме на листовите: 207 (три реда), 249 (два реда), 283 (три реда), 285 (четири реда), 289 (четири реда). Оваа иницијална графема писарот секаде ја со едноставни потези, односно со задебелена вертикална права линија која на горниот крај завршува со многу мала јамка во однос на целото стебло. Онаму каде што имаме поголем иницијален знак во средината на вертикалното стебло може да се забележи скромен украс од цвет. Оваа иницијална графема писарот во најголема мера ја користи за започнување на реченица со зборот re;e n'kii.

Петта по застапеност е графемата Б, која ја бележиме на листовите: 288 (четири реда), 286 (четири реда), 400 (четири реда), 413 (три реда), 434 (три реда) 448 (четири реда). Иницијалната графема Б секаде е пишувана идентично, само во различна големина. Во долниот дел се проследува јамка која е поставена на задебелена основа и е поврзана со стеблото кое е вертикално поставено со извесен малкузабележителен украс во средината, за во горниот дел да има споена хоризонтална кратка линија со задебелување во завршокот. Оваа иницијална графема писарот во најголема мера ја користи за започнување на реченица со зборот bratq.

Шеста по застапеност е иницијалната графема В, која ја бележиме на листовите: 245 (четири реда), 263 (два реда), 420 (три реда), 428 (три реда), 545 (три реда). Оваа иницијална графема на три места се бележи идентично, односно со составена е од вертикално стебло и две јамки. Притоа горната јамка е сосема редуцирана во однос на долната јамка, а јамките немаат некоја симетричност во пишувањето, односно се со неправилна форма. Само на лист 545 (три реда) графемата В како дополнителен орнаментен елемент има издолжена хоризонтална основа која продолжува и надвор од долната јамка во вид на опашка од змеј со шилец во вид на триаголник насочен кон горе. Оваа иницијална графема писарот во најголема мера ја користи за започнување на реченица со предлогот vq.

Седма по застапеност е иницијалната графема И, која ја бележиме на листовите: 297 (три реда), 313 (три реда). Во двата примери од оваа иницијална графема бележиме едноставност во пишувањето, односно следиме две вертикални стебла кои се изразено задебелени и се поврзани во средишниот горен дел со тенка хоризонтална линија. Во графемата не забележавме никакви украси.

Осма по застапеност е иницијалната графема Т, која ја бележиме на листовите: 414 (три реда), 426 (три реда). Кај овој иницијал не бележиме никакви украси, освен што на вертикалната линија во средишниот горен дел може да се проследи скромен украс во вид на мал цвет. Хоризонталната линија е пократка од вертикалната и симетрично е поставена на стеблото, а на двата краја има куки кои се свртени кон долу. Оваа иницијална графема писарот во двата примери ја користи за започнување на реченица со заменката tx. Деветта по застапеност е иницијалната графема О, која ја бележиме на листовите: 247 (два реда), 506 (два реда). Единствено кај овој иницијал во ракописот бележиме живописност и своевидна уметничка слобода во исцртувањето.

Имено, не станува збор за некојси раскош во бележењето на оваа графема, туку повеќе за уникатност во однос на сите останати. Иницијалот О писарот го бележи во вид на две елепси испреплетени во вид на трње помеѓу себе со идеална симетричност, со што на моменти наликува на симболот за бесконечност. И во двата примери следиме идентичност во пишувањето.

Сите останати иницијални графеми се бележат само по еднаш во ракописот, а за секоја ќе дадеме приказ во продолжение. Иницијалот Г го следиме само на лист 244 (два реда) и е со кратка кука, што се спушта косо од пречката. Графемата има дебело вертикално стебло со незабележлив украс во горниот средишен дел, а пречката која е хоризонтална е потенка линија со мало задебелување во левиот десен агол. Иницијалот Ж го бележиме само на лист 506 (два реда) и е пишуван во пет потега, долниот дел е во облик на лак, а горните кракчиња се сосема мали и се соединуваат со вертикалната средна линија. Писарот се трудел овој иницијал да добие зооморфен лик, но сепак графемата е едноставна и без никакви композициски елементи кои би биле интересни за дополнителен опис. Графемата М ја бележиме само на лист 454 (четири реда) и е пишувана во повеќе потега. Овој иницијал нема никакви украси, но интересно е што истата има три вертикални линии (столбови), од кои најтенка е средната од чијшто продолжеток во горниот средишен дел се изделуваат накосените линии кои се спојуваат со двата носечки столба на графијата. Во горниот дел има и една тенка хоризонтална линија којашто ги спојува двата странични столба, поради што самиот иницијал наликува на графемата Ж.  Иницијалот Н го следиме само на лист 487 (три реда) и бележиме едноставност во пишувањето, односно следиме две вертикални стебла кои се изразено задебелени, што се поврзани во средишниот горен дел со тенка накосена линија која се спушта надолу од левото кон десното стебло. Во графемата не забележавме никакви украси. Графемата Ч ја бележиме само на лист 221 (два реда) и е пишувана во два потега без никакви украсни елементи. Имено, иницијалот има основно вертикално задебелено стебло од кое се изделуваат две потенки линии на десната и на левата страна под симетричен агол.

Што се однесува до орнаментнни елементи/заставки коишто стојат пред почеток на ново поглавје не бележиме никакви интересни и украсни елементи, туку се проследуваат само големи графеми од обичен тип на пишување кои зафаќаат простор од два до пет реда во ракописот. Вакви заставки следиме на листовите: 177 (четири реда), 215 (три реда), 219 (пет реда), 224 (два реда), 231 (четири реда), 274 (два реда), 280 (два реда), 363 ( три реда), 377 (три реда), 376 (четири реда), 384 (череда), 430 (три реда), 575 (четири реда). Сите заставки и сите иницијални графеми се пишувани со црвена боја, за разлика од текстот којшто е пишуван со црно мастило. Сите заставки се опширно наведени во описот на ракописот.

**Заклучок**: Во заклучокот ќе додадеме дека Македонскиот патерик од Слоештица е сиромашен со орнаментика, односно можевме да проследиме девет типа на застапеност на иницијални графеми, меѓу кои *п, с, д, р, б, в, и, т* и *о*. Што се однесува до орнаментните елементи коишто стојат пред почетокот на ново поглавје не се бележат никакви интересни и украсни елементи, туку се проследуваат само големи графеми со едноставен тип на пишување.

**Прилози**



Слика 1 и 2. Факсимили/снимки од Македонскиот патерик од Слоештица

**Користена литература:**


[1]. Кондаков, Н. П. (1929). *Очерки и заметки по истории средновековнаго искусства и культуры*. Прага.

[2]. Мошин, Владимир. (2009). *Избрани дела, кн. VII*. прир. д-р Ѓорѓи Поп Атанасов, Скопје.

[3]. Новотни, Соња. (2013). *Слоештички патерик*. Скопје.

[4]. Новотни, Соња. Марковиќ, Михајло. (2022). *Македонски патерик од Слоештица (расчитан текст и орнаментика)*. Скопје.

[5]. Щепкин, В. Н. (1906). Болонская псалтырь. С. Петербургъ.